**Оваа монографија на нашиот ценет проф. д-р Драги Митревски несомнено ги промовира богатството и слоевитото културно наследство на овој регион и на Република Македонија воопшто, но публикацијата јасно ги афирмира и нашите заложби за ревитализација на културното богатство што го поседуваме и за откривање нови наоди, нови културни добра кои се одраз на историското траење на овие простори ...**



Научните резултати од археолошките истражувања на раноантичкиот град Билазора во овчеполскиот локалитет Градиште – Кнежје се публикувани во книгата „Античка Билазора – престолнина на независните Пајонци“, која беше промовирана денеска на Меѓународниот славјански универзитет во Свети Николе кој е издавач заедно со Народниот музеј од Свети Николе.

Автор на книгата, објавена на македонски и руски и на македонски и англиски јазик, е проф. д-р Драги Митревски. Тој ја предводи истражувачката екипа која во изминатите осум години интензивно работеше на локалитетот на кој од 7 до 2 век пр. н.е. постоел античкиот Билазора - најголем град во Пајонија кој бил и нејзина престолнина во 5 и 4 век пр. н.е. Во истражувањата на локалитетот учествуваа и студенти од Државниот универзитет Тамбов во Русија.

- Оваа монографија на нашиот ценет проф. д-р Драги Митревски несомнено ги промовира богатството и слоевитото културно наследство на овој регион и на Република Македонија воопшто, но публикацијата јасно ги афирмира и нашите заложби за ревитализација на културното богатство што го поседуваме и за откривање нови наоди, нови културни добра кои се одраз на историското траење на овие простори - истакна министерката за култура Елизабета Канческа-Милевска на промоцијата на книгата.



Авторот Митревски рече дека целта на изданието е секој да знае барем основни работи за градот Билазора кој, како што рече, имал репрезентативна архитектура и техника на градење и украсување какви што нема ни денес. Освен за промоција на Општината, книгата ќе биде корисна за археолозите кои, рече тој, нема да чекаат 10-20 години за публикација од истражувањето, а со неа ќе се избегнат шпекулации и неточни информации за овој локалитет, како, на пример, неговото погрешно поврзување со Велес.

- Книгата не е најважната работа, туку најзначајно е тоа што се отвора нов пристап кон културното наследство, нов начин на соработка на повеќе институции и тоа што сите ќе имаат бенефит. Порано археологијата и културното наследство се доживуваа како потрошувач кој троши, а не носи пари. Целта на оваа книга е да го каже спротивното - рече Митревски.

Како што истакна градоначалникот Зоран Тасев, се очекува по целосното истражување локалитетот да стане туристичка атракција за домашни и за странски посетители. За таа цел, Општина Свети Николе направи асфалтиран пат до локалитетот. Јордан Ѓорчев од Славјанскиот универзитет додаде дека откривањето на локалитетот за јавноста ќе донесе многу луѓе како што Билазора, рече тој, била топ-дестинација во антиката.







bilazora.mk

